**ЗАПИСНИК**
**од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 26.07.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи (оправдано отсутен, годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, д-р Ивана Стојановска, м-р Арбен Саити и Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информираше дека на седницата се присутни 6 члена на Советот, отсутен е г-дин Фетаи кој најавил дека ќе биде на годишен одмор.

Советот на Агенцијата едногласно со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на предлог-записник од првото продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 20.07.2018 година.
2. Усвојување на предлог-записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.07.2018 година.
3. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за месечниот надоместок и другите трошоци на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Предлог-одлука за набавка на услуга од мала вредност.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 20.07.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, го усвои предложениот Записник од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.07.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи предложениот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за месечниот надоместок и другите трошоци на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека со измените на Законот за пратеници кои беа усвоени на 53-та Седница на Собранието на Република Македонија на 23.07.2018 година, процентот за надоместок што може да го користат избрани и именувани функционери се намалува од 30% на 20%. Во подзаконскиот акт на Агенцијата, Правилникот за месечниот надоместок и другите трошоци на Советот на Агенцијата тој процент изнесуваше 25%, и согласно измените на Законот сега се предлага намалување на 20%.

Г-дин Петрушевски рече дека во правилникот, за тие членови што живеат надвор од Скопје и досега имаше помал процент од пратениците односно 0,25 наместо 0,3 и тоа го направиле по сопствена иницијатива и сопствена желба. Во таа насока и сега се придружуваат на намалувањето на трошоците, иако реално имаат многу малку трошоци во споредба со пратениците, ретко ги прават и тие се однесуваат само за двајца членови на Советот, г-дин Петрушевски и г-дин Ајдини. Се изјасни дека даваат поддршка на намалување на процентот и затоа ќе го поддржат предлогот за измена во наведениот правилник од 25% на 20% како што е во Законот за пратеници.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-3460/1 од 24.07.2018 година и едногласно донесе Правилник за изменување на Правилникот за месечниот надоместок и другите трошоци на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3802/1 од 17.07.2014 година, бр.01-4886/1 од 07.10.2014 година и бр.01-761/1 од 30.01.2015 година, со текст како што беше предложен.

Донесениот Правилник да се објави на огласната табла на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за правни работи да изработи пречистен текст на Правилникот за месечниот надоместок и другите трошоци на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити, ја образложи предложената одлука за набавка на услуга од мала вредност. Објасни дека по 3 години постојано користење на вратите дојде време истите да се штелуваат и одредени стари делови да се заменат со нови. Објасни дека вработените од секторот направиле контакт со повеќе фирми за таа намена но само еден економски оператор се согласил да дојде и да направи проценка. Станува збор за истата фирма која ги има наместено овие врати, фирмата СЕФ ДООЕЛ од Скопје, која што достави понуда од 14.500,00 денари, со вклучен ДДВ, испратена во прилог на материјалите по точката.

Г-дин Трајчев рече дека во предложената одлука стои правното лице, фирмата од која се набавува услугата. Формално-правно праша дали членовите на Советот треба да донесат одлука за конкретната набавка со фирмата или Советот гласа за одобрување на средствата, а понатаму Агенцијата си ја врши набавката, прави избор на понудувач и сл.

Г-дин Петрушевски рече дека малку е нејасно напишано во одлуката и одговори дека во овој случај Советот дава одобрение за предложените средства а директорот носи одлука за избор.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3446/2 од 24.07.2018 година и едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата, да донесе одлука за набавка од мала вредност (за услугата – поправка, подесување и ставање во функција на врати, за потребите на Агенцијата), во износ од 14.500,00 денари, со вклучен ДДВ, согласно понудата бр.05-3449/1 од 24.07.2018 година (бр.19/2018 од 24.07.2018 година), доставена од страна на Друштво за производство на брави, монтирање на врати и трговија СЕФ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 5**

**Разно**

Г-дин Трајчевски предложи Советот да даде одобрување да се започне постапка за донација на еднократна помош за настраданите лица во пожарите што ја зафатија Република Грција, каде што настрадаа повеќе од 80 луѓе, има голем број на повредени и е нанесена огромна материјална штета. Доколку Советот се согласи, Агенцијата ќе започне со постапките за реализација на оваа активност со тоа што средствата за донација би се префрлиле на сметката на Црвениот крст на Република Македонија, бидејќи Агенцијата не може средствата за оваа намена да ги префрли во странство.

Г-дин Петрушевски рече дека предлогот е многу хуман и човечки. Потсети дека оваа година неколку пати биле сведоци како Агенцијата имала набавки за кои се склучил договор со помала вредност од предложената благодарејќи на негативната електронска аукција, така што има простор средства од 1.000.000,00 денари да се донираат за хумани цели, преку Црвениот крст на Република Македонија па потоа тие ќе одлучат дали ќе се префрлат како парични средства, дали како опрема, храна или нешто друго што им е потребно на настраданите во Република Грција. Се изјасни дека

ќе го поддржи предлогот и ќе предложи Советот да даде одобрение за да се започне постапката, да се направи соодветна измена на Финансискиот план на Агенцијата и на следната седница да се достави како предлог. Да се контактира со Црвениот крст, да се земе сметката каде да се префрлат средствата и Советот со одлука да ги одобри.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе го поддржи предлогот поднесен од г-дин Трајчевски. Човечката трагедија не познава ниту етнички ниту било какви други граници. Исто така и човечката хуманост треба да биде таква затоа најмалку што треба да се направи е токму ова. Го поздравува предлогот и апелира до службата да биде поекспедитивна и што е можно побргу ова да се реализира.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски да се започне постапка за донирање на финансиски средства за настраданите во пожарите кои ја зафатија Република Грција, во висина од 1.000.000,00 денари.

**Бр. 02-3448/5**
**08.08.2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
СКОПЈЕ